РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISE SE VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
AGJENCIA PER SHERBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE
Број: / Numer: 03-4641/1
31.10.2025 година / viti
СКОПЈЕ - SHKUP

**До: ДРЖАВНА ИЗБОРНА КОМИСИЈА**

**Предмет: Триесетти дневен извештај на Агенцијата**

Почитувани,

Врз основа на член 76-в став 2 од Изборниот законик и Меморандумот за соработка од 4 февруари 2016 година, Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги го доставува дневниот извештај за активностите спроведени на 30 октомври 2025 година, во рамки на мониторингот на медиумското известување за вториот круг од Локалните избори 2025.

Во овој извештај Ве известуваме дека Агенцијата ги обжали пресудите со кои ТРД 24 ВЕСТИ ДООЕЛ Штип – Подружница „24 ВЕСТИ Скопје 2" и ТРД ВИСТЕЛ ДООЕЛ Скопје се ослободени од одговорност за прекршување на изборниот молк (член 76-б став 3 од Изборниот законик).

Во жалбите, Агенцијата посочи дека станува збор за емитување изјава/прес-конференција на министерот за внатрешни работи на 19 октомври 2025 година, во период на изборен молк, и дека првостепениот суд погрешно ја применил материјалноправната одредба. Притоа е истакнато дека е занемарен фактот оти самото емитување изјава од носител на јавна функција за време на молк претставува прекршување на членот, независно од нејзината содржина. Дополнително, во жалбите е наведено дека со ваквиот пристап е сторена погрешна примена на материјалното право, а во предметот што се однесува на ТВ 24 Вести и суштествена повреда на постапката, бидејќи Агенцијата не била повикана на рочиштето, спротивно на член 108 од Законот за прекршоците.

Агенцијата нагласи дека со поднесените жалби не се оспорува правото на јавноста на информирање, туку се инсистира на доследно почитување на правилата за изборен молк, со цел да се обезбеди фер и рамноправен изборен процес.

Со почит,

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**директор,**

**д-р Зоран Трајчевски**

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

**ул. Македонија бр.38**
**1000 Скопје**